60 ngm

Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

# INSIDE
## внатре надвор
# OUTSIDE



Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

# внатре надвор
# inside outside

Мала станица, Скопје, 2008
Mala Stanica, Skopje, 2008

Концептот насловен Внатре – надвор (Inside – Outside) има за цел да отслика еден дел од ракурсите на интерес на младата рецентна македонска визуелна сцена, а доминантно го третира проблемот на локалното vis-à-vis глобалното, per se, бидејќи Македонија како релативно млада држава на мошне интензивен начин се бори со проблемот на општата глобализација во секој домен од човековата егзистенција, наспроти востановените локални вредности (историја, традиција, култура), специфичен начин на размислување и врежан „генетски код". Самиот чин на тенденција кон униформираност на стварноста и начинот на живот на субјектите во општеството, конфронтирачките односи на интензивно реформирање на сите сегменти од животот наспроти слабиот економски раст и низок егзистенцијален стандард, проблемот на „трчање кон запад" контра буквалната и фигуративната (не)можност за излез од границите итн. се само некои од појдовните точки кои се интересни за македонските автори за ликовна разработка и визуелизација. Покрај оваа генерална одредница на концептот, проблемот Внатре – надвор ќе допре различни нивоа на размисли и преокупации како: политичко, социолошко, културолошко, еколошко (сеизмичко), психолошко, индивидуалистичко-интимистичко екстериоризирање на предложената тема. Честопати, индиректно овој проблем е засегнат во одредено уметничко дело, а длабочината на пораката или концептот треба да го предизвика посетителот да разбере или сфати за каков вид „траскрипција" станува збор, имајќи предвид дека различната културна и општествена кодификација ќе предизвика мал вакуум простор потребен за „преводот".

Селектираните дела се изработени во медиумите на видео-арт, дигитални фотографии (принтови) како и објекти.

Станува збор за автори кои припаѓаат на младата генерација македонски ликовни уметници кои веќе постигнале одредено ниво на афирмираност во нашата земја, но и со завидно ниво на успешни надворешни презентации.

*Методи Ангелов – Мето* е автор кој доминантно се занимава со брендот како интересен феномен со своја богата историја и практика на Запад, но со одредено извитоперено-искривено значење кај нас, во смисла на приклонетоста кон познатите и извикани марки наспроти економскиот статус и стандард на нашето општество. Трансформирајќи одредени светски, т.е. интернационални брендови дава еден поинаков приказ и го предизвикува воспримачот да си постави повеќеслојни прашања.

*Славица Јанешлиева* претежно се занимава со „разголување" на своите фамилијарни приказни, екстериозирајќи, на мошне естетски визуелен начин, особено интимни и интровертни-лични „артефакти" како фотографии, предмети, објекти. Наративноста на овие објекти е нагласена, но истовремено тоа не се само голи „мали наративи" туку тоа се, всушност, големи потврди за себеидентификација како културно-општествен доказ на идентитетот.

*Тихомир Топузовски* директно го отелотворува (преку визуелен пат) актуелниот момент на тенденциозна усмереност на Македонија кон големата европска фамилија, на мошне интересен начин подигнувајќи го прашањето за не/свесноста за зачувување на идентитетот во таа трка и процес кој изискува реформи, промени и глобализирачка филозофија на разумот. Тоа го визуелизира по пат на објекти и концептуално-летристички записи, а во еден нареден циклус го поставува проблемот на читање, превод, транскрипција на знаци како естетски симболи со своја намена.

*Нада Прља* е македонски уметник кој работи во Англија. Овој факт е причината поради која Прља на мошне отворен начин проблематизира сосема актуелни прашања кои се однесуваат на македонските општествено-политички, социолошки, па и културолошки малформации, но, од друга страна, не останува рамнодушна и кон сите нереални ситуации кои се случуваат и на „запад", отворено критикувајќи ги и нивните ставови и „постојано" игнорирање на Македонија, македонскиот идентитет и симболи. Станува збор за исклучително ангажиран уметник.

*Игор Сековски* се движи во рамките на минималистички проекти кои најмногу се занимаваат со односите на знаците, светлината, рефлексијата, звучните пробивања и слично. Во технички контекст, работи со рачно обработена хартија, инсталации и дигитална фотографија. Поголемиот дел од неговите дела се вклопуваат во концептот на ниво на преиспитување на идентитети.

*ОПА* (Опсесивно посесивна агресија, уметничка група која ја сочинуваат Слободанка Стевческа и Денис Сарагиновски) се фокусира на истражување на социолошките, културните и секојдневните проблеми, како и на начините на гледање, размислување и однесување на одредени заедници во променливи социолошки и политички услови. На тој начин ОПА ги проблематизира различните социјални навики поврзани со формирањето на индивидуалниот и национален културен идентитет, а, од друга страна, стереотипите кои се градат при формирањето на идентитетот. Се занимаваат со перформанси и видеа.

*Борјан Зафировски,* иако филмски режисер и сценарист, креира и одредени видеа кои имаат исклучително артистичка димензија и можат слободно да се вклопат во рамки на тоа што се нарекува видео арт. Овие дела се занимаваат со проблемот на младиот човек генерално кој се наоѓа на раскрсница (расчекор) меѓу старото и новото, локалното и глобалното, како експериментален глушец кој треба да изнурка од транзицискиот коштец, а при тој процес да остане „имун" на сите надворешни деформации.

*Борис Шемов* се занимава со дигитална фотографија. Во рамките на неговите истражувања го третира проблемот на генетскиот код, на клонирањето, на креирање матрица, притоа актуализирајќи го современиот main stream во науката и технологијата, како уште една „пречка" на преодот од старото во новото, дебатирајќи за нивото на не/свесност при чинењето на овој експеримент. Од друга страна, Шемов работи и со прашањето на границата на свесното и несвесното, рациото и ирациото, земното и метафизичкото, јавето и сонот, со што на уште едно скалило го допира актуелниот концепт внатре-надвор.

*Ирена Паскали* е авторка чиј уметнички опус третира различен тип на критика на општествената стварност и на политиката: војна, изолација, етнички поделби, спори интеграции, одлевање на младите македонски умови во западните земји или, пак, патот од Исток кон Запад. Последната нарација (видео инсталација From East t(w)o West) го обработува патот од Исток кон Запад (кој и самата го поминува) изодувајќи го, метафорично и буквално, по јаже. Тој пат е несигурен и неизвесен, но сепак „истокот ќе пристигне во западот, но дали ќе преживее?" е прашањето што Паскали го поставува.

Видео инсталацијата „Воаjер" на *Александар Спасоски,* обработува еден мошне специфичен феномен – воаjеризмот, а начинот на обработката на видеото го вклучува самиот гледач, набљудувач да стане дел од чинот на тајно ѕиркање или кусо заронување во туѓ живот, во туѓо секојдневие, во туѓ момент, без обострана свесност за сето тоа. Овој чин, најчесто својствен и карактеристичен за туѓинец во туѓа земја, исполнет со чувство на осаменост, отуѓеност, тишина и потреба да се биде дел од некое случување, дури и на кратко и дури и по цена на нелегално и бесрамно „загрозување" на туѓата приватност, е всушност момент на понадворешнување на внатрешното.

*Моника Десоска* е уметница која на оваа изложба ќе се претстави со фотографии, чија суптилност во изработката и нагласокот на женскиот принцип е нешто што е доминантно во црно-белите „заробувачи на дадениот момент". Тематот, кој се вклопува во генералниот проблем на овој концепт Внатре-надвор, одговара на прашањето на повеќе нивоа и фигуративно и симболично и семиотички. Две дланки кои низ повеќе кадри, сукцесивно поставени, прикажуваат отворање и затворање алудираат на животниот еволутивен процес, на отворање на затвореното, на расцутување, на понадворешнување.

*Гоце Наневски* во последно време се занимава со објекти, инсталации, дигитално обработени фотографии и видеа, во кои често пати преку ready made објекти или прикази на навидум едноставни визуелни моменти ги констатира соджините кои произлегуваат од истите, откривајќи нови хоризонти и покрај општите места на квалитативи кои ја сегментираат ликовноста, наметнувајќи императив на продолжување на истражувањата кои дополнително ќе се занимаваат со остатокот од веќе отворениот корпус на проблемите на времето, минливоста, сегашноста-сега наспроти иднината, веројатноста, полидимензионалноста, можните истории и др.

Овој проект како дел од јубилејот – 60 Години Национална галерија опфаќа само еден сегмент од творечкиот ангажман на младата генерација македонски ликовни уметници чиј интерес се движи во рамките на најновите ликовно-изразни или подобро визуелни медиуми, со што ќе се даде еден селективен пресек за најрецентните актуелности на нашата ликовна сцена.

Ана Франговска-Стојановска



The aim of the concept entitled *Inside Outside* is to illustrate the approach of the younger generation of visual artists expressed in recent years, whose work addresses the issue of the local *versus* the global, since the Republic of Macedonia, as a relatively young state, faces the rather difficult struggle with the problem of globalization in every domain of human existence, as opposed to the established local values (history, tradition, culture), and a specific way of thinking imprinted in our 'genetic code'. The very tendency for uniformity in our reality, in the way of life of the individual and in the society, the confronted relations among the intensified reforms in all segments of life contrasted with the slow economic growth and low standard of living, the problem of 'rushing to the West' as opposed to the literal and figurative (im)possibility to cross the borders encountered at every attempt are only a few among the many points of departure which provoke the interest of the Macedonian artists in terms of their visualization and painterly approach. In addition to this general definition of the concept, the problem of *Inside Outside* also deals with other various levels of consideration and preoccupations such as the political, social, cultural, ecological (seismic), psychological and individualist/intimist exteriorization of the subject matter proposed by this concept. This issue is often treated indirectly in a certain work of art, while the purpose of its message or concept is to challenge the viewer's understanding or comprehension of the form of 'transcription' expressed by it, bearing in mind that a different cultural and social codification will create a small vacuum in the space required for its 'translation'.

The works selected include video art, digital photography (prints) and objects.

These are authors who belong to the younger generation of Macedonian visual artists, who have already become quite prominent in our country and who have had noteworthy presentations of their work abroad.

*Metodi Angelov - Meto* is an author whose work focuses primarily on brands as an interesting phenomenon which has a rich history and wide practical use in western countries; in our country, however, the concept of *brand* possesses a certain distorted/deformed meaning in the sense of favouring famous and widely advertised brands which runs contrary to our economic status and standard of living. By transforming certain world/international brands, he offers us a different perspective and challenges the viewers to ask complex questions.

*Slavica Janešlieva* mainly deals with the 'exposure' of her family stories, exteriorizing, in a highly specific aesthetic and visual manner, particularly intimate and introvert/personal 'artifacts' such as photographs and objects. The narrative nature of these objects is emphatic; however, they are not merely some bare 'short narratives', but also great testimonies to self-identification as a cultural and social confirmation of one's identity.

***Tihomir Topuzovski*** directly (through visualization) embodies the current moment of the tendentious orientation of Macedonia towards the great European family, raising in a rather interesting manner the question of (un)awareness in terms of preserving one's identity in this race and the process which demands reforms, changes and a globalizing philosophy in our reasoning. He visualizes these issues through his objects and conceptualized letters; in another cycle, he addresses the problem of reading, translation and transcription of signs as aesthetic symbols that have their own specific purpose.

***Nada Prlja*** is a Macedonian artist who works in England. This is the reason why she, in a very open way, problematizes highly relevant issues that concern the Macedonian socio-political, sociological and even cultural anomalities; on the other hand, she is not indifferent to the situation in the 'West', openly criticizing their position and their 'permanent' ignoring of Macedonia, Macedonian identity and symbols. She is a notably socially engaged artists.

***Igor Sekovski*** is an author whose work is characterized by minimalist projects that mainly concern the relations between signs, light, reflection, breaking sound barriers, etc. In terms of technique, he works with hand-made paper, installations and digital photography. In terms of their concept, most of his works address the various levels of re-examination of identities.

***OPA*** **(*Obsessive Possessive Aggression)***, the art group whose members are Slobodanka Stevčeska and Denis Saraginovski) focuses on the exploration of sociological, cultural and daily problems, as well as on the forms of perception, thinking and behaviour of certain communities in variable sociological and political conditions. In this manner, *OPA* problematizes various social habits linked with the forming of individual and national cultural identity on the one hand, and on the other, the stereotypes created in the forming of identity. Their work includes performances and video art.

***Borjan Zafirovski***, film director and script writer, also produces videos of an exceptional artistic dimension that can freely be included in the domain of video art. His work concerns the problem of young individuals who find themselves at the crossroads or out of step facing the gap between the old and the new, the local and the global, as guinea pigs that have to free themselves from the grip of the transition and, at the same time, remain 'immune' to all the abnormalities of the outside world.

***Boris Šemov*** is an artist whose domain is digital photography. As part of his explorations, he treats the problem of the genetic code, cloning and creation of matrices, thus revealing the relevance of the current mainstream in science and technology as another 'obstacle' in the process of the transition from the old to the new, deliberating on the issue of (un)awareness present during the carrying out of such experiments. On the other hand, he also addresses the issue of the border between the conscious and the subconscious, the rational and the irrational, the earthly and the metaphysical, reality and dreams and in doing so, accesses at yet another level the current concept of *Inside Outside*.

***Irena Paskali*** is an author whose artistic output concerns a different type of critique of social reality and politics, such as war, isolation, division along ethnic lines, slow integration, the brain drain in Macedonia or the road from East to West. Her most recent narrative (the video installation *From East t(w)o West*) is the path she herself has walked, metaphorically and literally, on a rope. This road is hazardous and uncertain; "the East will arrive at the West," but the question that Paskali asks is whether it will survive.

The video installation *Voyeur* by ***Aleksandar Spasoski*** deals with a rather specific phenomenon, that of voyeurism; the video installation involves the viewer in such a way that he/she as an observer becomes part of the secret peeping or brief gazing into the life of others, in the everyday life of other people and other people's private moments, without either of the two sides being aware of it. This act, usually characteristic and typical of a foreigner in a foreign country, is imbued with a feeling of loneliness, alienation, silence and the need to be part of some event, if only for a brief moment, and even at the price of illegal and shameless 'invasion' of the other's privacy; this, in fact, is the moment of the exteriorization of that which is situated on the inside.

***Monika Desoska*** is an artist who will, on this occasion, present her photographs whose subtle technique and emphasis on the female principle are the elements that prevail in the black and white "capturers of a give moment in time." Her themes, which correspond to the overall concept of *Inside Outside*, give answers to these issues on several levels, figuratively, symbolically and in terms of their semiotic aspect. Two hand palms which, through a series of successively arranged frames, allude to the evolutive processes of life, to the opening of that which is closed, to blossoming and exteriorization.

***Goce Nanevski*** is an author whose recent work includes objects, installations, digitally processed photographs and videos in which, often through ready-made objects or displays of seemingly simple visual moments, he construes the content that emerges from them, thus revealing new horizons side by side with the common elements that segment the painterly aspect of his work, imposing, as imperative, the need for further explorations that will deal with the remaining of the already opened body of problems of time, the ephemeral and the present as opposed to the future, probability, poly-dimensionality, possible histories, etc.

This project, as part of the marking of the 60th anniversary of the Art Gallery, encompasses only one segment of the creative work of the young generation of Macedonian artists whose interests revolve around the most recent painterly or, better said, visual media. Thus, it will provide an insight into a selective cross-section of the most recent and most relevant events on our art scene.

Ana Frangovska-Stojanovska

**Ангелов Методи**

Роден во Неготино, 1977, дипломирал (2001) и магистрирал (2004) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Реализирал повеќе самостојни изложби (Скопје 1999, 2002, 2003, 2004, 2007; Прилеп 2004; Охрид 2005; Неготино 2007) и учествувал на групни изложби во Македонија и странство (Франција, Италија, Германија, Србија). Работи дигитални и видео перформанси, инсталации, арт филмови, анимации, дизајн, интернет проекти. Живее и работи во Неготино.

**Angelov Metodi**

Born in Negotino (R. Macedonia), 1977, BFA (2001) & MFA (2004) at the Faculty of Fine Arts, Skopje. He had many solo exhibitions (Skopje: 1999, 2002, 2003, 2004, 2007; Prilep 2004; Ohrid 2005; Negotino 2007) and has participated in group exhibitions nationally and internationally (France, Italy, Germany, Serbia). Works digital visual and video performances, installations, art films, animations, design, web projects. Lives and works in Negotino, Republic of Macedonia.



Приказна, дигитален отпечаток на платно, 50x80, 2006
Story, digital print on canvas, 50x80, 2006

**Нада Прља**

Родена во Сараево (1969), дипломирала 1997 година на Факултетот за ликовна уметност, Скопје, на одделот за графички дизајн и има завршено филозофски постдипломски студии на Ројал колеџ за уметност во Лондон. Денес живее и работи во Лондон, Англија. Селектирани самостојни изложби: 2008 – Should I take, or should I go?, Музеј на современата уметноста, Скопје, 2007 – The Little Match Seller, or 'Merry Europe', Европска комисија во Англија, Лондон; 2006 – Advanced Science of Morphology, Marble Arch Park, Лондон. Има учествувано на повеќе групни изложби и на бројни меѓународни фестивали.

**Nada Prlja**

Born in Sarajevo (1969), she has graduated (1997) at the Faculty of Fine Arts, Skopje, department of Printmaking and postgraduated in Philosophy, Royal College of Art, London. Today, she works and lives in London, UK. Selected solo exhibitions: 2008 – Should I take, or should I go?, Museum of Contemporary Art, Skopje; 2007 – The Little Match Seller, or 'Merry Europe', European Commission in the UK, London, 2006 – Advanced Science of Morphology, Marble Arch Park, London. She has participated in various group exhibitions and in numerous international festivals.



Give 'em Hell, 4', видео, 2008
Give 'em Hell, 4', video, 2008

**Борјан Зафировски**

Роден во Скопје (1976), дипломирал на факултетот за драмски уметности, во класата на Столе Попов, Скопје, Р. Македонија (2000) и специјализирал (2001) на Европскиот филмски колеџ, Ебелтофт, Данска. До денес има добиено бројни награди и има учествувано со своите филмови на бројни меѓународни фестивали, како на „Context Europa", Лион, Франција, „Context Europa", Виена, Австрија, Фестивалот на кратки филмови, Хамбург, Германија, Фестивалот на кратки филмови, Манхајм, Германија и др.

Дел од неговата филмографија: 2005/2006 – Алеф, 15 мин., „Продукција плус", ДВ; 2004/2005 – Огледало, 20 мин., „Продукција плус" и 2001/2002 – Портретот на еден млад уметник во 21 век, 8 мин., „Dream Factory Production" & „Manaki Brothers", ДВ.

**Borjan Zafirovski**

Born in Skopje (1976), studied at the Faculty of Dramatic Arts, class of Stole Popov, Skopje, R. Macedonia where he graduated (2000) and he specialized (2001) at the European Film College, Ebeltoft, Denmark. Until today he has received several awards and he has participated with his films on numerous international film festivals as Context Europa, Lion, France; Contex Europa, Vienna, Austria; Short film festival, Hamburg, Germany; Short film festival, Mannheim, Germany etc.

Selection of his filmography: 2005/2006 - Aleph, Fiction 15 min, Production Plus, DV; 2004/2005 - Mirror, 20 min., Production Plus and 2001-2002 – The portrait of the young artist in the 21st century, 8 min., Dream Factory Production & Manaki Brothers, DV.



Алеф, 15', Продукција плус, ДВ, 2005/06
Aleph, 15', Production Plus, DV, 2005/06

**Славица Јанешлиева**

Родена во Скопје (1973), дипломирала (1996) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек графика и магистрирала на истиот факултет (1998). Од 2006 година работи како доцент на Факултетот за ликовни уметности – Скопје. Селектирани самостојни изложби: 2007 – Калемење, Скопје, Национална галерија на Македонија – Мултимедијален центар „Мала станица"; 2006 – Центар „Бабел", Утрехт, Холандија; 2005 – Ретроспектива, Македонски културен центар Њујорк, САД; 2004 – Наративи и симболи, Национална галерија – Скопје.

Учество во над 150 групни изложби низ светот. Добитник е на 7 домашни и 3 меѓународни награди за ликовна уметност.

**Slavica Janešlieva**

Born in Skopje (1973), has graduated at the Faculty of Fine Arts, Skopje (1996), Printmaking Department, and postgraduated at the same Faculty (1998). Since 2006 she is Assistant Professor at the Faculty of Fine Arts. Selected solo exhibitions: 2007 - Grafting, National Gallery of Macedonia – Multimedia Center "Mala Stanica" Skopje; 2006 - Cultural Center "Babel", Utrecht, Netherlands; 2005 - Retrospective, New York City, USA, Gallery MC; 2004 - Narratives and Symbols, National Gallery of Macedonia, Skopje.

Participation in over 150 international and domestic group exhibitions. Recipient of 7 domestic and 3 international art awards.



Распетие, кутија, сито печат, дигитален печат, 32x45x10, 2002
Crusifixion, wood-case, plotter print, silkscreen print, 32x45x10, 2002

**Гоце Наневски**

Роден во Скопје, 1974, дипломирал 1996 на ФЛУ Скопје, а 2002 магистрирал на ФЛУ Скопје. Од 2004 работи како асистент на ФЛУ Скопје. Селектирани самостојни изложби: 2008 – Никшиќ, Црна Гора, „Линија и форма или број", Галерија Илија Шобајиќ; 2008 – Сараево, БиХ, „Педесет или Педесет II", Галерија „Препород"; 2007 – Њујорк, САД, „Континуирани дистрибуции на веројатноста", Галерија МЦ; 2007 – Пловдив, Бугарија, „Континуирани дистрибуции на веројатноста", Стара Бања и други. Учествувал на голем број групни изложби во земјата и во странство.

**Goce Nanevski**

Born in Skopje, 1974, graduated at the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1996, and finished MA at the same Faculty in 2002. Since 2004 he works as an assistant at the Faculty of Fine Arts in Skopje. Selected solo exhibitions: 2008 – Nikšić, Montenegro, "Line and form or number", Gallery Ilija Šobajić; 2008 – Saraevo, BiH, "Fifty or fifty II", Gallery "Preporod"; 2007 – New York, USA, "Continuous distributions of the possible", Gallery MC; 2007 – Plovdiv, Bulgaria, "Continuous distributions of the possible", Stara Banja and others. He participated on a great number of group exhibitions in the country and abroad.



Од 19.19.40 до 19.26.50, дигитален принт, 80x50 (4), 2008
From 19.19.40 to 19.26.50, digital print, 80x50 (4), 2008

**Групата ОПА (Опсесивно-посесивна агресија)**

Формирана е во 2001 година од ликовните уметници Слободанка Стевческа (1971) и Денис Сарагиновски (1971). Двајцата студирале на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Самостојно изложувале во Македонија, Естонија, Словенија, Германија и Франција, како и на повеќе групни изложби и фестивали: Трансмедиале, Берлин; Rencontres internationales, Париз/Берлин; Трансеуропа – Европски театарски и перформанс фестивал, Хилдесхајм; Freewaves – Биенале на нови медиуми, Лос Анџелес, Австралија итн.

**OPA (Obsessive Possessive Aggression)**

An artistic collaboration founded in 2001 by the visual artists Slobodanka Stevčeska (1971) and Denis Saraginovski (1971). Both of them studied at the Faculty of Fine Arts in Skopje. They had solo exhibitions in Macedonia, Estonia, Slovenia, Germany and France and exhibited in group exhibitions and festivals such as Transmediale, Berlin; Rencontres Internationales Paris/Berlin; Transeuropa – European Theatre – and Performance Festival, Hildesheim; Freewaves' Biennial of New Media Arts, Los Angeles, Australia etc.




Red Chief 4016, видео, 5 мин, 2004
Red Chief 4016, video, 5 min, 2004

**Ирена Паскали**

Родена во Охрид (1969), има дипломирано на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (2000) и магистрирано (2005) на Академијата за медија уметности, Келн, Германија. Има добиено бројни стипендии и награди во изминативе години. Селекција на самостојни изложби: 2008 – „Word, World, Way...“, инсталација, холограми, фотографии и видео, Прима центар, Берлин; „Урбан пејзаж“, фотографии и видео инсталација, Културконтакт, галерија Арт Поинт, Виена, Австрија; 2007 – „Урбан пејзаж“, Cité Internationale des Arts, Париз; 2001 – „Помеѓу“, перформанс, Музеј на современата уметност, Скопје. Исто така, има учествувано на бројни изложби во земјата и странство.

**Irena Paskali**

Born in Ohrid (1969), Irena Paskali has graduated at the Faculty of Fine Arts, Skopje (2000) and she finished her MFA (2005) at the Academy of Media Arts, Cologne, Germany. She has received many scholarships and awards in the past years. Selection of Solo exhibitions: 2008 – Word, World, Way..., Installation, Holograms, Photos and Video, Prima Center, Berlin; Photos from the cycle Urban Landscape and Video Installation, KulturKontakt, Galerie Art Point, Wienne; 2007 – Urban Landscape, Cité Internationale des Arts, Paris; 2001 – Between, performance, Museum of Contemporary Art, Skopje. She also participated on several group exhibitions in the country and abroad.



East t(w)o West, 4'46", видео, 2007
East t(w)o West, 4'46", video, 2007

**Моника Десоска**

Родена 1973 во Прилеп, дипломирала 1997 на ФЛУ во Скопје. Во 2002 година е добитник на наградата „Љубомир Белогаски“, за успешна изложба за проектот „Простор“ реализиран во 2001 година во Музејот на град Скопје, Скопје. Селектирани самостојни изложби: 2006, Минијатури „Работилница“, Белград, Србија; 2003 Видео инсталација, Културен центар, Анталија, Турција; 2002 Перформанс, Музеј на современата уметност, Скопје и многу други. Учествувала на голем број групни изложби во земјата и во странство.

**Monika Desoska**

Born 1973 in Prilep, graduated in 1997 at the Faculty of Fine Art in Skopje. She was granted with the following awards: 2002 Award "Ljubomir Belogaski", as the most successful young author in 2001, for the project Space, in the Museum of the City of Skopje, Skopje. Selected solo exhibitions on which she participated are: 2006 Miniatures Radionica, Belgrade, Serbia; 2003 Video installation, Cultural Center, Antalia, Turkey; 2002 Performance, Museum of Contemporary Art, Skopje and others. She took part on a great number of group exhibitions in the country and abroad.



Парчиња светови, фотографии, 2008
Pieces of the World, photos, 2008

Игор Сековски

Роден 1972 година во Скопје, дипломирал сликарство 1997 на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, а 2003 магистрирал на Џошиби универзитетот за уметност и дизајн, Токио, Јапонија. Самостојно изложувал: 2004 – Плакати „Пораки“, Културен центар „Точка“, Скопје; 2003 – Инсталација „Бран“, галерија Јоукобо, Токио, Јапонија; 2002 – Инсталација „С линии“, Toki Art Space, Токио, Јапонија; 1998 – Инсталација „Пештера“, Младински културен центар, Скопје и други. Изложувал на повеќе групни изложби во земјата и странство.

Igor Sekovski

Born 1972 in Skopje, graduated 1997 at the Faculty of Fine Arts, Skopje, majoring in Painting. In 2003 he graduated the Master Course of The Joshibi University of Art and Design, Tokyo, Japan. Selected solo exhibitions: 2004 – Skopje, Messages posters, Cultural Center "Točka"; 2003 – Tokyo, Wave installation, Youkobo Art Space; 2002 – Tokyo, S-lines installation, Toki Art Space; 1998 – Skopje, Cave installation, Youth Cultural Center. He participated on several group exhibitions in the country and abroad.



Паѓа, компјутерска графика, диптих, 2008
Timber, computer graphic, diptych, 2008

Александар Спасоски
Роден во Тетово, 1974, дипломирал сликарство на Академијата за ликовни уметности во Скопје (1997), а потоа магистрирал медија уметности на Академијата за ликовни уметности во Минхен, Германија (2007). Филмот Воајер ја добива наградата на академијата во Минхен, како најдобро дело за 2008, а потоа е номиниран за награда на познатиот филмски фестивал во Касел, Германија, а воедно и учествува на Eastern Neighbors фестивалот во Утрехт, Холандија, како претставник од Македонија. Има учествувано на интернационални фестивали и добиено голем број награди за неговите видео записи и музика.

Aleksandar Spasoski
Born in Tetovo, 1974, graduated at the Faculty of Fine Arts, Skopje, Macedonia (1997), after which he obtained a Masters Degree from the Media Art Academy in Munich, Germany (2007). The movie "Voyeur" is awarded on the Munich Art Academy as the best video for 2008, from where it followed its nomination on the very well reputed Film Festival Cassel in Germany, and at the same time took participation at Eastern Neighbors Festival in Utrecht, Holland as a representative from Macedonia. He participated in international festivals and he has recieved several awards for his video art and music.



Voyeur, 05', ДВ Пал, 2007/08
Voyeur, 05', DV Pal, 2007/08

**Тихомир Топузовски**
Роден во Скопје (1978). Дипломирал (2003) и магистрирал (2005) на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Паралелно дипломирал на Филозофскиот факултет (2005) во Скопје, група филозофија. Во моментот е на докторски студии по филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. Ги излагал и ги презентирал своите дела на самостојни и групни изложби во земјава и странство. Селекција на негови самостојни изложби: 2004 – „Небула", Музеј на град Скопје; 2007 – Презентација на проектот „Секој е никој", Ротор галерија, Грац; 2008 – Презентација и предавање на Унивезитетот „Corpus Christi", Тексас, САД. Исто така, публикувал свои текстови во стручни списанија и учествувал на повеќе симпозиуми и конференции во Македонија и пошироко. До денеска е добитник на повеќе награди и грантови.

**Tihomir Topuzovski**
Born in Skopje (1978). He studied at the Faculty of Fine Arts where he received his BA (2003) and MA (2005). Parallel to his fine arts studies, he completed his BA at the Faculty of Philosophy (2005) group philosophy. Currently is on PhD study on philosophy at the Philosophical Faculty in Skopje. He his presented and exhibited his works in both solo and group exhibitions nationally and internationally. Selected Solo exhibitions: 2004 – Nebula, Museum of City of Skopje, 2007 – Presentation of the Project "Everyone is no one", Rotor Gallery, Graz; 2008 – Presentation and lecture at the University Corpus Christi, Texas USA. Besides he published his texts in journals and also participated in a number of symposiums and conferences, both in Macedonia and abroad. Until today he has received several awards and grants.




Детериторијализација на татковината, комбинирана техника, 2008
Deterritorialization of the Fatherland, mixed media, 2008

**Борис Шемов**
Роден 1974 година во Скопје, има дипломирано на Факултетот за ликовни уметности, Скопје (1997) и постдипломски студии (2003) на истиот факултет, отсек сликарство и насока рачно работена хартија. Има добиено бројни награди и грантови за курсеви надвор од земјата. Селектирани самостојни изложби: 1999 – Мак-Граф, Музеј на град Скопје; 2002 – Компресии, Галерија Аеро, Скопје; 2002 – Несоница, Токи арт центар, Токио; 2006 – Кодот Б, Национална галерија на Македонија – Мала станица, Скопје. Има учествувано на бројни групни изложби во земјата и надвор.

**Boris Šemov**
Born 1974 in Skopje, graduated at the Faculty of Fine Arts (1997) and finished postgraduate studies (2003), on the Painting department and course of Hand made paper. He has received many awards and scholarships for studying abroad. Selected solo exhibitions: 1999 – Mak-Graf, City Museum, Skopje; 2002 – Compressions, Gallery Aero, Skopje; 2002 – Sleeplessness, Toki Art Space Gallery, Tokyo; 2006 – Code B, National Gallery of Macedonia – Mala Stanica, Skopje. He participated on several group exhibitions in the country and abroad.



Кодот Б, компјутерска графика, 2006
Code B, computer graphic, 2006





Сенки I, компјутерска графика, 2006
Shadows I, digital print, 2006

Сенки II, компјутерска графика, 2006
Shadows II, digital print, 2006

Илиана Петрушевска

Родена во Скопје, 1973, дипломирала (2000) на ФЛУ, сликарски оддел, со рачна изработка на хартија. Селектирани самостојни изложби: 2006 - КИЦ, Скопје; 2006 - „Круг: Ре-Продукција", Музеј на град Скопје, Скопје. Учествувала на групни изложби во државата и странство.

Iliana Petruševska

Born in Skopje, 1973, graduated (2000) at the Faculty of Fine Arts, Skopje, at the Painting Department, section hand-made paper. Selected solo exhibitions: 2006 - Cultural Informative Center; 2006 - „The Circle": Re-Production, City Museum of Skopje, Skopje. She has participated on group exhibitions in the country and abroad.

Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје
Тел.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Факс: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk
декември / јануари, 2008/09

National Gallery of Macedonia
Železnička 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Fax: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.ngm.com.mk; e-mail: contact@ngm.com.mk
December / January 2008/09

Издавач: Национална галерија на Македонија, Скопје
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Куратор: Ана Франговска-Стојановска
Текст: Ана Франговска-Стојановска
Стручен соработник: Бојана Јанева
Превод на англиски: Рајна Кошка
Фотографии: Ѓорѓи Тричковски и авторите
Насловна: Борис Шемов
Дизајн: Игор Сековски, Александар Спасоски
Лектура: Екатерина Плескоњиќ
Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Published by the National Gallery of Macedonia, Skopje
For the Publisher: Maja Krstevska, director
Curator: Ana Frangovska-Stojanovska
Text: Ana Frangovska-Stojanovska
Collaborator: Bojana Janeva
English translation: Rajna Koška
Photographs: Gjordji Tričkovski and the artists
Cover: Boris Šemov
Design: Igor Sekovski, Aleksandar Spasoski
Proofreading: Ekaterina Pleskonjić
Correction: Mihail Loparski
Printed by: Skenpoint, Skopje
500 copies

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Copyright © The National Gallery of Macedonia

ISBN 978-9989-196-23-2